Уп. бр. 08-75

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Славејко Арсов бр.138-1, Скопје, Република Северна Македонија застапувано од Менка Макаровска, адвокат од Скопје и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34-3/лок 3 Скопје застапувано од Гордана Гацева, адвокат од Адвокатско друштво Трпески и Гацева, Скопје, на седницата одржана на ден 21.05.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Славејко Арсов бр.138-1, Скопје, Република Северна Македонија и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34-3/лок 3 Скопје стекнуваат заедничка контрола над Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.04.2025 година, а дополнето на ден 17.04.2025 година и 07.05.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во

понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Славејко Арсов бр.138-1, Скопје, Република Северна Македонија и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34-3/лок 3 Скопје, со кое Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, стекнуваат заедничка контрола над Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Пријавената концентрација е веќе спроведена во 2024 година.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје** е регистрирано за дејност на трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници. Друштвото преку поврзано лице врз кое има 100% сопственост врши трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива во Република Северна Македонија и тоа:

-Друштво за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец со седиште на ул.4 бр.100 , Ржаничино Петровец, Република Северна Македонија кое е регистрирано за дејност Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи, односно врши трговија на големо со нафта и нафтени деривати на пазарот во Република Северна Македонија согласно лиценца од Регулаторна Комисија за енергетика.

Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје дејствува на пазарот на трговија со нафта и нафтени деривати, односно врши малопродажба на моторни горива и мазива на своите бензиските пумпи, а преку поврзаното лице Друштво за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива во Република Северна Македонија.

**-Друштво за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје** се занимава со градежништво со регистрирана дејност –Изградба на станбени и нстабнени згради**,** а се јавува како сопственик во следното правно лице:

-Друштво за трговија и услуги НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Скупи бр.3А Скопје, Република северна Македонија, кое е регистрирано за дејност-неспецијализирана трговија на големо со евидентирано одобрение за промет на големо со лекови и медицински средства издадено од Агенција за лекови и медицински средства Малмет и решение за врпење на дејност-промет на хемикалии издадено од Министерство за здравство-Сектор хемикалии.

**-Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје** со седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје. Друштвото е регистрирано со дејност на изградба на станбени и нестанбени згради на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**